Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ**`` ул. Козле бр.88 лок 4 – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

**1 Ден 29.12 Петок СКОПЈЕ–ЗАГРЕБ**

**Состанок со групата на паркингот пред хотел "Holiday Inn" во 19.30 часот и поаѓање за Загреб. Ноќно возење преку Србија.**

**2 Ден 30.12 Сабота ЗАГРЕБ**

**Пристигнување во Загреб во претпладневните часови. Разглед на градот: Плоштадот Бан Јелачич, Уметничкиот Павиљон, Мимара, Хрватскиот народен театар, Загребската Катедрала, Владата, Камената порта, Хрватското народно собрание, познатата слаткарница Ивица и Марица... Во попладневните часови сместување во хотел. Слободно време за уживање во убавините на градот Загреб и новогодишната и божиќната магија. Можност да си купите "licitar" - црвено медено срце кое датира од XIII век, а со тек на времето прераснало во симбол на Хрватска, денес се користи повеќе како божиќен украс отколку како колаче за јадење.**

**Празничната атмосфера е спектакл кој го трансформира главниот град во зимска земја на чудата. Повеќе од 25 поединечни Божиќни базари се распространети низ главните плоштади и шеталишта во градот, секој со своја уникатна тема, а сепак се спојуваат за да дадат чувство на еден сеопфатен базар. Шармантните тезги нудат божиќни подароци, сувенири, традиционални ракотворби, разновидни пецива, ароматично греано вино. Блескавите светла, шарените орнаменти и сезонските украси ја надополнуваат програмата со забавни и културни изведби на отворено.**

**Ноќевање.**

**3 Ден 31.12 Недела ЗАГРЕБ**

**Појадок. Слободно време за индивидуални активности. Посета на шопинг центар "Arena Centar". Вечерта, дочек на Новата Година на плоштадот. Ноќевање.**

**4 Ден 01.01 Понеделник ЗАГРЕБ-ЉУБЉАНА–ЗАГРЕБ**

**Појадок. Факултативна посета на Љубљана. Разгледување на градот: Симболот на градот - Змејскиот Мост, Трите мостови на реката Љубљаница, Прешерновиот споменик во чест на најголемиот словенечки поет Франц Прешерн, Фрањевачката Црква или Црквата на Воведувањето на Пресвета Богородица која е уште еден симбол на градот, Робовата Фонтана или Фонтаната на трите реки-најпозната фонтана од бел мермер... Враќање во Загреб и поаѓање кон Македонија. Пристигнување наредниот ден во раните утрински часови.**

# За уплата до 15.11: 199 евра (12.340 мкд)

Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ**`` ул. Козле бр.88 лок 4 – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

# ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 239 евра (14.820 мкд)

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

**-Автобуски превоз на релација Скопје-Загреб-Скопје**

**-Сместување во хотел Aristos 4* во Загреб на база 2 ноќевања со појадок**

**-Организиран разглед на Загреб со локален водич**

**-Посета на шопинг центар “Arena Centar”**

**-Организација на аранжманот и придружник на патувањето**

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

**-Посета на Љубљана 45 евра**

**-Патничко – здравствено осигурување**

**-Туристичка такса 400 ден. по лице за целиот престој (се плаќа во Агенција)**

**-Доплата за еднокреветна соба 4.500 мкд**

**-Доплата за избор на седиште во автобус 620 мкд**

**-Дете до 3 години гратис (без легло)**

**-Дете од 3-6,99 години (без легло, спие со родители) 2.100 ден за две ноќевања**

**НАПОМЕНИ:**

**За реализација на аранжманот потребен е минимум од 45 патници.**

**Пријавување за факултативните излети при резервација (за реализација е потребно минимум 30 патници).**

**Плаќањето се врши исклучиво во денарска противредност 1 € = 62 денари.**

**Пасошот треба да важи минимум 3 месеци од завршувањето на патувањето.**

**Организаторт го задржува правото на промена на редоследот на реализација на програмата.**

**За овој аранжман важат Општите услови за патување на Т.А Терра Травел Скај.**